# ПСМ Билтен

***- креираме иднина за младите во Македонија***

**Март 2006**

**Број 2**

**Наслови:**

- **Успешен старт на обуките за претприемништво**
- **МРФП финансиски ја поддржа Фондацијата ПСМ**
- **Финална церемонија на натпреварот во иновативен план ИНОМАК 2005**
- **Реновирање на бараките во општина Гази Баба**


**Адреса:**
ПСМ Фондација
Ул. Ристо Равановски 15А
1000 Скопје

**Контакт:**
Тел: +389(0)2 3077 008
Факс: +389(0)2 3092 814
Веб страна:
www.yesincubator.org.mk



Поддржано од Владата на Норвешка во соработка со Владата на Република Македонија


## Ентузијазам за ПСМ обуките

Како резултат на успешната промотивна кампања на проектот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, НВО саемот, Агенцијата за вработување Скопје, како и Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, пристигнаа близу 300 апликации од заинтересирани учесници за посета на ПСМ обуките. Од разговорите и ентузијазмот на целната група уште еднаш се поткрепи релевантноста и важноста на иницијативите како ПСМ проектот .

Обуките за 120 учесници (неопходна беше селекција на учесниците поради лимитираноста на проектот) започнаа на 24.02.2006. Обуките за претприемништво ги изведуваат 40 внимателно селектирани тренери од нашиот тренинг партнер ЦС Глобал. Обуките се практични и базираат на вежби, групна работа, дискусии, локални и гости од странство. Фондацијата ПСМ изразува благодарност до студентските организации БЕСТ (BEST) и АИЕСЕЦ (AIESEC), како и до МОФ, Агенцијата за вработување Скопје за помошта при промоцијата на обуките и посебно на Машинскиот факултет за отстапување на просториите на факултетот за потребите на обуките.







*Отварање на ПСМ обуките и работа во групи*

## Заврши натпреварот во бизнис план ИНОМАК

Финалната церемонија на натпреварот во бизнис план ИНОМАК 2005 се одржа на Машинскиот факултет на 26 декември 2005. Студенти од Машинскиот факултет Скопје и Техничкиот факултет од Битола земаа учество на овој натпревар.

Победничкиот тим на МФС се состоеше од студентите: Димков, Илијевски, Андонов, Јакоб и Новевски. Од Техничкиот факултет Битола студентите Маневски, Грамосли, Марковски и Војновски ја освоија првата награда. Им посакуваме среќа и успех во развојот на нивните идеи.

Натпреварот во бизнис план ИНОМАК 2005 беше организиран од ГТЗ ТТ во соработка со Фондацијата ПСМ / ФИООМ и СИНТЕФ. Во рамките на ПСМ проектот, натпревар во бизнис план ќе се организира и во следните години.

## МРФП финансиски ја поддржа Фондацијата ПСМ

Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП) финансиски ја поддржа Фондацијата ПСМ во спроведување на ПСМ обуките. Договорот беше потпишан крајот на февруари 2006 год.

## Реновирање на бараките во Гази Баба

На барање на заменик Премиерот Шеќеринска, Министерството за образование донираше три бараки за потребите на ПСМ инкубаторот во Автокоманда, општина Гази Баба.

Во моментов се работи на главниот проект за реновирање на бараките. Понудата за идејно решение на Инком инженеринг беше избрана како најповолна. Концептот за внатрешниот распоред на бараките е високо иновативен и примамлив за идни нови бизниси за инкубаторот.

ПСМ проектот доби целосна поддршка од градоначалникот на општина Гази Баба, г-нот Коце Трајановски. Во моментов тој ја испитува можноста за учество во ПСМ инкубаторот со паркинг простор и улично осветлување.

## Претприемачки сервис за млади (ПСМ)

Цел на проектот е да им помогне на младите луѓе во Македонија да започнат сопствен бизнис. Проектот се состои од три компоненти:

(1)обуки за претприемништво

(2) натпревар во бизнис план

(3) бизнис инкубатор

Заедно овие компоненти формираат севкупна поддршка од идеја до бизнис.

www.yesincubator.org.mk